DT Global

## Оглас за ангажирање на шест млади професионалци

Проектот за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, финансиран од УСАИД во Република Северна Македонија, бара мотивирани, организирани и посветени на резултати, млади професионалци или студенти на додипломски/постдипломски студии кои ќе служат како **практиканти** во една од наведените партнер општини: **Арачиново, Берово, Дебрца, Македонски Брод, Ранковце и Теарце.** Тој/таа ќе соработува тесно со одделот за администрирање на локалните даноци и такси и ќе спроведе задачи поврзани со прибирање, подготовка за обработка и анализа на податоците за данокот на имот.

Проектот за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите (во натамошниот текст "Проектот") ги поддржува партнер-општините да ги зголемат своите капацитети за собирање приходи од сопствени извори, пристап до надворешни извори за финансирање и планирање и извршување на буџетот.

Избраните млади професионалци ќе склучат договор со Проектот за обезбедување поддршка на општината која тој/таа ја претпочита, во ажурирањето и унапредувањето на тековната база на податоци за данокот на имот и комуналните такси, како и целокупниот систем на даночна администрација, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:

- Канцелариски и теренски активности за идентификација и регистрација на недвижен имот.
- Ажурирање на податоците во локалниот систем за администрирање на даноци.
- Поддршка на одделот за администрирање на локалните даноци и такси при изготвување/пополнување обрасци за даночна администрација во согласност со Законот за даноците на имот и Законот за комунални такси.
- Придонес за локална јавна кампања за зголемување на мотивацијата на даночните обврзници да плаќаат даноци и да се информираат како се трошат нивните пари.
- Други задачи доделени од Градоначалникот и/или раководителот на даночното одделение.

Младите професионалци ќе добијат почетна обука и постојано менторство од тимот на Проектот. Времетраењето на Програмата за млади професионалци е 6 (шест) месеци, почнувајќи од 15-ти јуни 2023 година или веднаш по завршување на процесот на избор на најподобни кандидати.

Посакувана образовна подготовка се: техничките науки, бизнис или јавна администрација, економија, право или други сродни занимања. Ангажирањето ќе се преговара за 6-8 часа на работен ден со соодветна компензација. Трошоци за транспорт нема да бидат обезбедени.

Заинтересираните кандидати се очекува да испратат CV и мотивационо писмо **најдоцна до 25.05.2023 година на електронската адреса info@srmamk.com**, и да го наведат името на општината за која се заинтересирани.